# ТРИ ВИСТИНИ КОИ СЕКОЈ ЈЕХОВИН СВЕДОК ТРЕБА ДА ГИ ЗНАЕ

Библијата е Божјото Свето Слово, и е финалниот авторитет на секое прашање со кое се соочува човештвото. Библијата зборува за Божјата добрина и љубов за тебе. Исто така кажува како можеш да имаш вечен живот во Рајот кога ќе умреш. Библијата вели: "Ова ви го напишав вам, кои верувате во името на Божјиот Син, за да знаете дека имате вечен живот..." (1Јован 5:13). Во овој трактат, ние ќе испитаме три витални вистини од Библијата кои треба да ги знаете за да можете ја поминете вечноста во Рајот.

Првата вистина е дека Библијата јасно поучува дека постои место за вечна казна, мачење и деструкција за оние кои го отфрлаат Бога. Ова место е наречено огнено езеро. Библијата вели: "И смртта и Подземјето беа фрлени во огненото езеро. Тоа е втората смрт, огненото езеро. И кој не беше запишан во Книгата на Животот, беше фрлен во огненото езеро." (Откровение 20:14-15). Додека, пак, пеколот е: "...вечниот оган, приготвен за ѓаволот и за неговите ангели!" (Матеј 25:41), огненото езеро е место за вечна казна за грешниците. Библијата поучува: "зашто сите згрешија и им недостасува Божјата слава," (Римјаните 3:23). "Затоа, како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот- смртта; така смртта помина на сите луѓе, зашто сите згрешија." (Римјаните 5:12).

Вистината за постоењето на вечната казна, нé носи до втората вистина која се наоѓа во Библијата. Оваа вистина е дека Бог обезбеди замена да ја земе нашата казна, која, ние како грешници ја заслужуваме. "Но Бог ја покажа Својата љубов кон нас со тоа, што Христос умре за нас, додека уште бевме грешници." (Римјаните 5:8). Исус Христос "Кој, иако е во Божјо обличје, не го сметаше како грабнато тоа што е еднаков со Бога, туку се лиши Самиот Себе, и зеде обличје на слуга станувајќи сличен со луѓето. И откако се најде во лик како човек, Тој се понизи Самиот Себе и стана послушен до смрт, дури и до смрт на крст." (Филипјаните 2:6-8). "Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него да не загине, туку да има вечен живот." (Јован 3:16).

Бог Синот ја зема твојата казна само ако Го прифатиш Него за твој Спасител.

Третата витална вистина од Божјото Слово е дека Исус Христос воскресна од мртвите во телесна форма, докажувајќи ја Својата божественост. По воскресението, Исус им се појавил на Своите ученици и им рекол: "Погледајте ги Моите раце и Моите нозе- Јас сум Истиот! Допрете Ме и видете, зашто духот нема месо и коски, а како што гледате Јас имам." (Лука 24:39). Всушност, запишано е во Библијата дека по воскресението, повеќе од петстотини луѓе Го виделе Исус во Неговото физичко прославно тело. "Зашто, ви го предадов најнапред она, што го бев и примил: дека Христос умре за нашите гревови, според Писмата, и дека е погребан и дека воскресна на третиот ден, според Писмата; дека му се јави на Кифа, после на дванаесетте. Потоа им се јави еднаш на повеќе од пет стотини браќа..." (1 Коринтјаните 15:3-6). Верувањето дека Исус воскресна од мртвите е неопходно за твоето спасение. Бог ветува во Своето Слово: "Зашто, ако со твојата уста исповедаш, дека Исус е Господ и ако во твоето срце повеpуваш, дека Бог Го воскреснал од мртвите, ќе бидеш спасен." (Римјаните 10:9).

Бог ти го дава ова ветување: "Кој верува во Синот, има вечен живот; а кој не верува во Синот, нема да види живот, туку Божјиот гнев останува врз него." (Јован 3:36). Ако додадете нешто на Божјото Свето Слово, не сте успеале да Му верувате Нему. "Јас му сведочам секому, кој ги слуша пророчките зборови на оваа книга. Ако некој им додаде нешто, Бог ќе му додаде од маките опишани во оваа книга. А ако некој

одземе нешто од зборовите на книгата на оваа пророштво, Бог ќе му го одземе неговиот дел од дрвото на животот и од светиот град, кои се опишани во оваа книга." (Откровение 22:18-19).

Спасението е толку едноставно! Сé што бара е да веруваш во она што Бог го вели во Библијата. "Зашто со срцето се верува за праведност, а со устата се исповедува за спасение,… зашто: " Секој кој ќе го повика Господовото име, ќе се спасен." (Римјаните 10:10,13). Ако ти Го прифатиш Исус Христос за твој Спасител, те молам моли ја оваа молитва или некоја слична на неа: Мил Господе, признавам дека сум грешник, кој оди во пеколот. Јас знам дека не можам да се спасам себеси. Се покајувам за моите гревови и ја ставам мојата вера во крвта која Ти ја излеа за мене на крстот за да платиш за сите мои гревови. Јас сега Те прифаќам за мој Спасител и Ти верувам дека ќе ме земеш во рајот. Ти благодарам што ме спаси. Амин.

Иф ѕоу хаве децидед то труст Јесус Цхрист ас ѕоур Савиоур афтер реадинг тхис трацт, плеасе њрите анд лет ус кноњ.

Наме ______________________________
Аддресс ____________________________
Цитѕ ____________________ Зип __________
Стате ______________________ Аге ________

**FELLOWSHIP TRACT LEAGUE**
P.O. BOX 164 • LEBANON, OH 45036
www.fellowshiptractleague.org © Tract 2943 (Macedonian)
Сите трактати се бесплатни бидејќи Господ не снабдува
Не се за продажба.